Врз основа на член 108, член 113, член 122 и член 127 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/2019), Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 229/2020) ООУ „Крсте Мисирков“ – Куманово го изготвувам следниот

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ
## УЧЕБНА 2022/2023 ГОДИНА

## 1. ВОВЕД

Годишниот извештај има за цел да согледа дали планираните подрачја од Годишната програма на училиштето се реализирани, ако не се во целост да се согледаат причините за нивно не целосно реализирање како и да се согледаат потешкотиите во работата и изнајдат начини за нивно надминување.

## 2. УСЛОВИ ЗА РАБОТА

2.1 Основното училиште „Крсте Мисирков" - Куманово е самостојно училиште кое е лоцирано во центарот на градот. Училиштето ги остварува воспитно - образовните задачи со децата од 6-15 годишна возраст од реонот кој му е доделен со реонизација од Собрание на Општината бидејќи училишната зграда се наоѓа во центарот на градот, односно во средиштето на реонот што му припаѓа на училиштето.
2.2 Општинското основно училиште „Крсте Мисирков" – Куманово е со петтостепена развиеност и во секоја генерација има по пет паралелки.
2.3 Наставата во училиштето се изведува на македонски јазик, а училиштето работи во една смена.
2.4 Во извештајниот период училиштето настојуваше да ги оствари воспитно-образовните работни задачи што му ги поставуваше наставната програма и општествената заедница. Пред почетокот на **учебната 2022/2023** година беа направени сите можни подготовки согласно материјалните можности за нормално одвивање на воспитно - образовната работа во училиштето.
Наставата се изведуваше во три училишни згради.

Во зградата на улица „Тане Георгиев" редовно работат осум паралелки и тоа: четири паралелки од второ одделение, четири паралелки од трето одделение, со вкупно **225** ученика. Со санирање на санитарните јазли се подобрени условите за работа. Варосани се сите училници и училишни ходници со што се изврши дезинфекција и се доби нов лик на самите училници. Во наставничката канцеларија е опремена кујна за потребите на наставниот кадар. Во канцеларијата има поставено и печатач за подобрување на воспитно-образовниот процес. Училишниот двор е заграден со што учениците се заштитени од возилата.
Во зградата на улица „Тонко Димков" работат девет паралелки и тоа по една паралелка од прво, второ, трето одделение и четврто и сите паралелки од четврто деветгодишно одделение со вкупно **168** ученици. Просторните услови за работа се подобрени во однос на претходните години заменети се старите со PVC прозорци. Поради чести кражби и обивање на подрумскиот дел истиот е ѕаѕидан од предната и задната страна, а на предната врата поставени се решетки. Извршено е варосување на училниците и ходниците.
Поради протекување на кровната конструција на централната училишна зграда наставата се изведуваше отежнато само во просториите на приземјето и на првиот кат. Некои од овие простории беа и адаптирани во училници. Поради тоа паралелките од

петто одделение со 116 ученика реализираа настава во училниците на СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ Куманово. Во рамките на второто крило од централната училишна зграда работат четири паралелки од прво одделение, во кои имаме опфатено **85** ученици. Тоалетите кај најмалите ученици комплетно се реновирани и адаптирани за користење од страна на деца на возраст од 6 години. Во еден тоалет има поставено ВЦ шолја за деца со посебни потреби. Започнато е ренавирање на кровот.

Во состав на централната зграда учат ученици од шесто до деветто одделение со вкупно **425** ученика распоредени во дваесет паралелки. Поголем дел од училниците се варосани, а во половина од училниците има ормани за нагледни средства, со што се направени услови за изведување на квалитетна настава. Имаме оформено и кабинет по информатика со 28 работни станици и smart board- паметна табла, кои ги користат и професорите за нивно усовршување. Воедно имаме опремено и ИКТ кабинет, кој е наменет за сите предметни наставници. Во кабинетот се лоцирани 28 работни станици и ЛЦД проектор. Во наставничката канцеларија набавен е SMART TV и Smart табла кои се наменети за презентации на Наставнички совети, Одделенски совети, Совет на родители, за седници на Училишниот одбор, разновидни едукативни обуки, седници на Ученички парламент, стручни активи за наставниците и презентации за учениците.

2.5 Просторните услови во училиштето последниве години не задоволуваат поради протекување на кровот. Училниците кои се на вториот кат се целосно руинирани и нефункционални од безбедносна гледна точка. Поради нефункционалност на училници учебната 2023-24 година повторно ќе се бара согласност за дислокација на една генерација.

2.6 Хигиенско-естетската, содржинската и функционалната уреденост и обликуваност на внатрешниот простор според услови во кои се наоѓаме е солидна. Иако условите се многу подобрени не можеме да се пофалиме со одржување на училишниот простор и мебел поради уништување на истиот од страна на учениците од едното и другото училиште и префрлување на вината едни на други, бидејќи работиме во две спротивни смени во исти просторни услови. Дворот кај централната зграда е солидно хортикултурно уреден, а задниот дел од дворот е асфалтиран и се обележани спортски терени за ракомет, кошарка и мал фудбал. Исто така се уредува и просторот до спортската сала, во тревниот дел поставена е т.н ***„Смарт градина***“. Извршена е саниција на оградата од таа страна. Во текот на годината беа засадени уште садници. Пред училишната зграда дворот е озеленет со трева, рози и зимзелени садници. Тоалетот кој се наоѓа во прво одделение е реновиран со нови плочки и санитарни елементи.

2.7 Во воспитно - образовниот процес се вклучени 61 наставник, 1 педагог, 1 психолог, 1 библиотекар, директор на училиште,1 помошник директор и 14 работници од административно - технички персонал или во училиштето има вкупно 79 вработени.

Имено, во прво одделение работат 1 наставничка по предучилишно воспитание со завршена Педагошка академија и 4 наставника со завршен Педагошки факултет - одделенска настава. Одделенската настава ја изведуваат 20 наставници од кои 2 со ПА - одделенска настава и 18 со Педагошки или Филозофски факултет. Предметнатата настава ја реализираат 35 наставника и тоа: 25 професори, 12 наставници кои се во редовен работен однос и 3 професори кои дополнуваат часови во нашето училиште по предметите: Ликовно образование, Природни науки и Иновации. Според тоа, сите часови по сите наставни предмети се застапени од стручни наставници. Распоредот на часовите е изготвен од првиот работен ден и е во функција на наставата.

## 3. ПОДГОТВЕНОСТА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА РАБОТА НА ПОЧЕТОКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА

3.1 Материјално-техничката подготвеност на училиштето за работа на почетокот на учебната година се состоеше од варосување на училниците во горната зграда, ходниците и металната ограда на скалите. Училишниот двор се исчисти од шут и целосно се осветли со што се подобри безбедноста на учениците.
3.2 Пред почетокот на учебната година, Наставничкиот совет одржа седница и изврши распределба на предмети, паралелки и одделенско раководство за учебната **2022/2023 година.** Исто така се направи распоред и се формираа комисии и тимови со задолженија за поддршка и работа со ученички организации, секции, друштва и слично, со цел успешно реализирање на воспитно-образовниот процес.
Годишната програма како прилог ги содржи и програмите за работа на наставнички совет, директорот, стручната служба, стручните активи и другите планирања.
Секој од наставниците за своето задолжение изготвува програма за работа и по еден примерок од таа програма е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето, која е благовремено изготвена, разгледана и усвоена од стручните органи и доставена до Бирото за развој на образованието и Советот на Општина Куманово.
Предметот Игри за разрешување на конфликти, фотографирање, Оригами и предметот Јазик и култура на Ромите беа изборни во IV и V одд. Во шесто одделение избрани се изборните предмети: Запознавање на религиите и Класична култура на европска цивилизација. Додека во седмо, осмо и деветто одделение се изучуваа изборните предмети: Изборен спорт, Програмирање, Проекти од музичка уметност, Проекти од ликовна уметност и Техничко образование.

Оваа учебна година како втор странски јазик се изучуваше францускиот јазик во шесто, седмо, осмо и деветто одделение.

.

## 4. ПЛАНИРАЊЕ, РЕАЛИЗАЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ

<u>4.1 Годишна програма за работа на училиштето:</u>

а) Годишна програма за работа на училиштето е донесена на седница на Училишен одбор и ги опфаќа следните структурални подрачја:

- Вовед;
- Организација на воспитно-образовната дејност во училиштето;
- Настава;
- Воннаставни активности;
- Грижа за здравјето на учениците;
- Соработка со локалната средина;
- Следење, унапредување и вреднување на воспитно-образовната дејност;
- Стручно и педагошко усовршување на наставниците и другите стручни соработници;

б) Тргнувајќи од структуралните подрачја на Годишната програма за работа на ООУ „Крсте Мисирков“ и утврдените

приоритети и тежишни задачи за секое структурално подрачје пооделно се реализирани и тоа:

Реализација на сите оперативни програми по сите подрачја кои се опфатени во Годишната програма за работа на училиштето се наоѓат како документи во училиштето;

Во Годишната програма за работа на училиштето како приоритети беа предвидени следниве активности: да се обучат наставниците за изготвување на еднакви стандарди и критериуми за оценување на учениците; да се обезбеди кабинетска настава и информатичка технологија; да се подобри инфраструктурата и условите за работа како и други активности.

* Во делот „Организација на воспитно-образовната дејност во училиштето“ приоритетите и тежишните задачи групирани во шест точки се реализираат и тоа:

* Наставата по задолжителните предмети и изборни се збогати и се осовремени со употреба на современи наставни средства и помагала имаме и паметна табла во ИКТ и портабл паметна табла, ЛЦД проектори, како и со употреба на нови форми на работа во групи, организирање на работни проекти итн.

* Приоритетни задачи во организирањето на дополнителна настава обезбедија индивидуален пристап кон секој ученик согледувајќи ги на тој начин поединечните случаи и нивните проблеми во процесот на учењето со тенденција на разрешување на негативните појави и аномалии во учењето на учениците кои имаа проблеми во истото резултираше со мал број на ученици кои го повторуваа одделението.

* Приоритетни задачи во организирањето на воннаставни активности беше нивната реорганизација, почитувајќи ги барањата и иницијативите на учениците и родителите во реализирање на воннаставни активности.

* Приоритетна задача е континуирано збогатување на постојната соработка со локалната средина, а пред се со родителите за да преку нив и нивни работни организации и установи училиштето се претстави во вистинско светло како реномирана воспитно-образовна установа. Со отворање на училишните врати за соработка се отвараат нови позитивни можности за збогатување и осовременување на условите за работа, а пред се осовременување на самата настава и воспитната компонента во неа како и превентивното делување и сузбивање на девијантни појави кај младите генерации. Соработката со родителите уште повеќе се зголеми со реализирање на културно-едукативни активности со давање поддршка во реализација на проектот *„Магична мрежа на пријателства“*. Училиштето со неколку наставници и ученици го претставуваа училиштето во рамки на бившите југословенски републики. Училиштето учествуваше и во Еразмус проекти. Еден од нив е Inspaire Music with English.

* Во делот следење, вреднување и унапредување на воспитно-образовната работа тежишните задачи беа реализирани преку размената на искуства меѓу наставниците од самото училиште со други училишта од градот.

* Во рамките на стручно и педагошко усовршување на наставниците и другите стручни соработници приоритетна задача беше да им се обезбеди редовна набавка на стручна литература, посета на семинари организирани од страна на Биро за развој на образование, како и од страна на одредени домашни и странски акредитирани организации кои со дозвола од Министерството за образование и наука аплицираат за одредени проекти во училиштата.

в) Што се однесува до реализација на редовната настава и настава од други воннаставни подрачја за крајот на учебната **2022/2023** година се реализирани **180** наставни дена.

4.2 Планирање и реализација на наставата:

а) Редовна настава-задолжителни предмети

Според наставниот план и Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2022/2023 година беа предвидени за реализација 90.004 часови од задолжителна настава со одделенски час. Нереализираниот фонд на часови се должи на наставните денови кога наставата не се изведуваше по повод: Патрониот празник на училиштето, Денот на дрвото, Денот на екологија, еднодневен излет и планирани и изведени научни екскурзии за одделни генерации.

б) Настава по изборни предмети

Во четврто одделение се воведе изборен предмет Оригами. Во петто одделение се реализиораше Игри за разрепување кофликти и фотофрагирање. Во шесто одделение се избираше помеѓу два предмета и тоа: **Историја на религија и Класична култура во европска цивилизација** со по два часа неделно. Во шесто одделение се воведе комбиниран модел од задолжителни и изборни предмети. Учениците избираат од групата предмет кој ќе го учат во оваа учебна година, а станува збор за поголем избор на предмети од различни области на образование. За изборни премети во седмо одделение учениците се одлучија за **Техничко образование**, во осмо одделение за **Проекти од ликовна уметност**, **Проекти од музичка писменост**, во деветто одделение **Програмирање и Проекти од спорт**. Со тоа динамиката за промена на наставните планови и програми се заокружува за сите одделенија од I-IX.

в) Реализација на развојно - истражувачки проекти и други иновации

Во училиштето се реализираат и повеќе развојно-истражувачки проекти и тоа: „Математика со размислување“, „Креативна настава и учење”, „Безбедни училишта“, „Еко-училиште“, „Примена на асистивна технологија во работа со деца со посебни потреби“, „Меѓуетничка интеграција во образованието“ и Проектот „Актиланг”, кој се реализира во соработка со Францускиот културен центар, а под покровителство на Француска амбасада за промоција и ширење на француски јазик од најмала возраст т.е со учениците од I-V одд. Училиштето е вклучено во проектот „ПРЕКОС“ кој има за цел рано изучување на францускиот јазик и запознавање со франкофонијата во основните училишта во Македонија. Think science- Искра знања.

Добиен е проектот подржан од УНИЦЕФ, МОН, **учесници сме и на проектот GloryMath Microbit во организација на Британски совет и МОН.**

4.3 Планирање и реализација на воннаставна дејност:

Слободните ученички активности се составен дел од Програмата за работа на училиштето и се остварува преку организирање на воннаставните активности. Тие се организираат и изведуваат според однапред планирани соджини и

според афинитетот на учениците. Слободните активности се групирани во 5 (пет) подрачја и тоа:

1. Од подрачјето на слободни активности за проширување на знаењата работеа следниве секции: Литературна секција, Драмска секција, Фото секција, Млади информатичари, Млади хемичари, Млади математичари, Млади биолози, Млади физичари, Млади историчари, Љубители на англискиот и францускиот јазик, Млади географичари и Библиотекари.
2. На полето на слободно културно-уметнички активности, учениците се организираа во следниве групи: Рецитаторско-драмска, Вокално-инструментален состав, Млади сликари и Млади дизајнери.
3. Слободно-техничките активности се организираа во следниве секции: Моделари, техничари, велосипедисти и др.
4. Слободно спортските активности се организираа во секциите за: Атлетика, Ракомет, Кошарка и Мал фудбал.
5. Слободни ученички активности по предмет програмирање со microbit.

Училиштето организираше 3 хуманитарни акции. Сите активности се реализираат со заедничко учество на учениците, наставниците и родителите и сето тоа со цел развивање хумани, креативни, инвентивни личности способни активно да се вклучат во животот на заедницата. Акцијата во септември беше за собирање парични средства за учениците од социјално загрозени семејства. Средствата се поделени на 3 најзагрозени семејства во тек на Неделата на детето. Имавме акција со невладината органиозација „Љубезност“ – поделба на ранчиња и училишен прибор и Крводарителска акција во април.

Во училиштето активно работи и ***Училишниот спортски клуб „Крсте Мисирков“***. Стручниот актив за спорт во претходната декада го формираше првиот училишен спортски клуб во нашата општина. Успешно работи со преку 200 ученика во неколку активности: забавна спортска школа за најмалите ученици, кошаркарска спортска школа, атлетска спортска школа и обука за пливање за сите ученици. Во овие спортски дисциплини како училишен клуб има учество и освоени награди на повеќе државни првенства, меѓународни спортски митинзи како и светски првенства. Наставниците се учесници во повеќе значајни проекти за училишниот спорт: *Училишни спортски лиги, Пливај и Уживај, Здраво шампиони* и други. Како проактивни наставници коавтори се на првиот прирачник за акциски истражувања во наставата и транспарентни критериуми за оценување по сите предмети и за сите наставници во нашата држава автори на дваесетина стручни трудови на теми за спортот, оценувањето, превенцијата од деформитети, здрава исхрана и хигиена. Редовно учествуваат на обуки за континуирано и стручно усовршување и самостојно креираат проекти за обновување и унапредување на спортските објекти во училиштето се со цел за квалитетна и модерна настава за спортот за сегашните и идните генерации.

Слободните ученички активности се реализирани согласно планот и програмата, а како резултат на целисходната работа на секциите во рамките на вонаставна дејност учерниците зедоа учество на бројни општински, регионални и државни натпревари. Постигнатите резултати се дадени на крајот од извештајот.

г) Производствена и друга општествено- корисна работа

Предвидените активности за одржување на училници, училишна зграда и двор, како и часови за собирни акции во целост се реализирани.

д) Ученички екскурзии

Во текот на оваа учебна година беа реализирани екскурзии и тоа:
- Настава во природа за  учениците од V одделение
- Тродневна екскурзија за учениците од IX одделение

4.4 Грижа за здравјето на учениците:

Здравствената заштита и здравствено осигурување е реализирано во целост спрема планираните активности во Годишната програма, распоредени на нивоа на секое одделение. Освен тоа, во основното училиште заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците се остваруваше и преку предавања во соработка со „Црвен крст“ Куманово  и со редовни лекарски и систематски прегледи, а доколку имаше потреба, се превземаа и други соодветрни мерки. Едукативно предавање од „Црвен Крст“ – Куманово, за пороците на денешницата; Предавање за правилно возење на велосипед за ученици од V одделение;

4.5 Јавна и културна дејност:

Во рамките на јавна и културна дејност училиштето во целост се залагаше за афирмација и збогатување на културниот живот во реонот каде што делува. Сите активности во чест на Патрониот празник кои беа предвидени се реализираа, на крај на годината беше реализирана театарска претстава со ученици од деветто одделение подготвена од страна на нивниот ментор Тања Димитриевска, а исто така редовно учествувавме и на манифестации организирани од Локалната средина.

Во рамките на својата воспитно-образовна дејност, училиштето организираше културни и образовни активности и се вклучи во културните и  образовните потреби на локалната средина. Овие активности се реализираа во тесна соработка со надворешни соработници како што се: родителите на учениците, други воспитно-образовни и културни установи, производствени претпријатија, општествени организации, сојузи, професионални здруженија и сл.

**1.IX 2022год. Првачиња-колачиња**

Организирано  топло добредојде за новите првачиња под мотото"Отворете го вашиот ум и остварете ги вашите соништа".

**13.IX 2022год. Кампања за прва помош за млади**

Црвениот крст на РСМ започна со кампања по прва помош под мотото “Првата помош спасува живот” со која е предвидено до крајот на годината да се спроведат бесплатни обуки за деца од основни и средни училишта во целата земја. На овие обуки

децата ќе имаат можност да стекнат основни знаења за укажување на прва помош како брза и витална интервенција чија цел е да се спаси човечки живот, но и да се намалат компликациите од настанати повреди и инвалидитет.
Во рамките на кампањата, Црвен крст на РСМ- Општинска организација Куманово на 12.09.2022 започна со првата обука која беше спроведена во ООУ,,Крсте Мисирков‘‘ Куманово на која присуствува 150 ученици.
Општинската организација Куманово е предвидено да обучи 2204 ученици од 12-18 години од основните и средни училишта на територијата на општина Куманово. Обуката ќе ја спроведуваат предавачи/демонстратори по прва помош, а истата е предвидено да трае до 15.12.2022. По завршување на обуката сите ученици ќе добијат благодарници за учество.
**19.IX 2022год.** Прв ден од трета мобилност во Бордо, Франција во рамките на проектот Music with English започна работно во просториите на училиштето а привршува со прошетка и разглед на стариот дел од центарот на градот.
**21.IX 2022год.** Приказна за градот на виното. Заокружување на уште еден работен ден во просториите на училиштето St.Claire.
**21.IX 2022год**. Културно-историска посета на најголемата дина во Европа. Чудо створено од природата. Шумата преминува во дина, дината се љуби со океанот а погледот не знае каде да запре. Посета на Arcachon кој со својата убавина те плени и повикува пак.
**23.IX 2022год**. За ангелскиот глас на Тоше, за овој хуманитарец, со неговите песни кои ќе се пеат со тежина во душата, денеска нашите ученици ги запознаа врсниците од Полска, Франција, Латвија, Турска и Бугарија. Преку презентација, песна и игра беше претставен ликот и делото на Тоше. Презентациите од партнер училиштата исто така беа пропратени со голем интерес и прераснаа во заедничко дружење. Благодарни сме Erasmus+ за сите убави моменти, за сите пријателства, за сите патувања кои ни ги овозможи.
**23.IX 2022год**. Доделување на дипломи за реализирани активности во рамки на Erasmus+
**28.IX 2022год**. По повод ЕВРОПСКИ ДЕНОВИ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО на покана од Народен музеј-Куманово, учениците од III и IV одд. со своите наставници Ивана Ивановска-Пешиќ и Хилда Димитриевска имаа можност да се запознаат со традиционалниот начин на изработка на глинени садови преку презентација на краток филм и излагање од стручно лице, по што следеше работилница на која и самите учествуваа со огромно задоволство.
**5.X 2022год. Денот на учителот** се одбележа со ликовни и литературни работилници за ученици од I - V одд. од основните училишта во нашиот град. Учениците од I - III одд. изработуваа честитки, учениците од IV одд. рецитираа песни за учителот а од V одд. твореа на тема: "Сите ние имаме крилја, а учителот е тука да не' научи како се лета". Организатори на манифестацијата која се оддржа во ООУ "Крсте Мисирков" и ООУ" Браќа Миладиновци" беа Здружение на одд. наставници-ЗОН-Учител и ЈОУ Библиотека " Тане Георгиевски".
**6.X 2022год.** Посета на културно-уметничко друштво "Панче Пешев"- Куманово, по повод Недела на детето, каде што учениците од II одд. со нивните наставнички се запознаа со активностите и работата на оваа друштво.
**7.X 2022год.** По повод Недела на детето, учениците од петто одделенија под мотото „Сите сме едно, растеме заедно“ преку низа активности и посета на детската градинка„ Кокиче“ и „ Развигорче“ ги запознаа најмалите со правата на децата.
**7.X 2022год.** По повод Недела на детето беше организиран прием за ученици кај градоначалникот на Општина Куманово, г-нот Максим Димитриевски. Од нашето училиште на приемот присуствуваа ученици од III, IV и V одд со наставничката Цветанка Стојановска.

**7.X 2022год.** Учениците од IIIодд. низ разни активности ги истакнаа **ПРАВАТА НА ДЕТЕТО.**

**7.X 2022год.** Учениците од VI до IX одд. својата креативност ја покажаа преку изработка на цртежи и испратија пораки дека **"Сите сме едно, растеме заедно".**

**8.X 2022год.-**Флаери и беџеви изработија учениците од IV одд. кои им ги подарија на првачињата и преку нив ги запознаа со правата на детето.

**10.X 2022год.-** Четвртата мобилност од Еразмус+ проект "Inspire: Music with English" наменета за обука и едукација на наставници од партнер училиштето започна со свечен прием од страна на домаќините во градот Антакија, Хатаи-Турција. Концерт за добредојде, прием кај директорот, работен состанок, учество на работилници и посета на средно уметничко училиште со завршен концерт.

**11.X 2022год.** Втор ден во Антакија за културни активности. Во градот на "Првите нешта" наши наставници и ученици го посетија археолошкиот музеј со најголемиот мозаик во светот; поминаа низ првата осветлена улица во светот; беа и во првата црква во светот во пештера Св. Петар, како и во првата џамија во Турција. По посета на првата синагога во Антакија следуваше посета и на прекрасните Дафне водопади. На традиционалната вечера домаќините ги претставија своите трационални јадења и културни обичаи за областа Хатаи.

**12.X 2022год.** Трет ден во мултикултурен центар на светот - област Хатаи. Посета на манастирот на Св. Симон од 6 век; Посета на православна ерменска црква; Последното ерменско село; Првиот рачно ископан тунел кој датира уште од први век од страна на Римското царство и некропола со камените гробници. Можност да се допре крајната точка на Средоземното море пред римската порта во градот Самандаг.

**13.X 2022год.** Во рамките на проектот на здружението ,,Биди своја “ насловен како ,,Пишувам кирилица, зборувам македонски” беше реализирана активност ,,Да читаме македонски автори” при заедничка соработка на ЈОУ библиотека ,,Тане Георгиевски” и нашето училиште „Крсте Мисирков“.

**14.X 2022год.** Секое човечко суштество на планетата има право да биде ослободено од глад и право да има доволно храна на своите чинии – три пати на ден – секој ден.

Работилница по повод Светскиот ден на храната во рамките на Нансен проект.

II -г одделение

Одделенски наставник: Мерлин Стојановска

**14.X 2022год.** Четврти и петти ден за промоции на проектот, работилници за наставниците, подготовка на следните две мобилности и доделување на сертификати. Како еден од следните домаќини на проектот и најкомуникативна делегација поканети сме на интервју на локален медиум. Следуваше средба со градоначалникот на градот како и размена на подароци со срдечниот директор на училиштето-домаќин.

**14.X 2022год.** Светскиот ден на храната во нашето училиште се одбележа со низа активности со цел да се подигне свеста за важноста на правилната исхрана.

Ова е ден кога сите луѓе треба да размислат за фактот дека храната е основно човеково право.

**Правилната исхрана е инвестиција во нашата иднина!**

**15.X 2022год.** На завршниот настан од проектот **"Редовно на часови-акција за вклучување на Ромите во основното образование"** кој се оддржа во "Александар Палас" воведно обраќање имаа г-н Јетон Шаќири, министер за образование и наука во Владата на РСМ, г-н Нафи Сарачини, програм менаџер во Делегацијата на Европската Унија во РСМ и г-ѓа Фани Каранфилова- Паневска, извршна директорка на Фондацијата Отворено општество- Македонија. Преку видео-презентации беа претставени резултатите од проектот, проследено со настапот на директните корисници -учениците од ОУ"Браќа Рамиз" и Roma Rock School, Скопје.

**26.X 2022год.** Во салата на ООУ "Магдалена Антова" се одржа Меѓуопштински натпревар во футсал – женски. Женската екипа на ОУ "Крсте Мисирков " е победник на општинското првенство во футсал.

**26.X 2022год.** Учениците од генерација на третите одделенија заедно со нивните наставнички и професор по музичко образование Ирина Димевска Петковска го посетија музичкото училиште "Панче Пешев" во Куманово. Професорите и учениците од музичкото училиште презентираа интересни музички изведби со различни музички инструменти. Слушајќи ги музичките изведби нашите ученици се запознаа со музичките инструменти, со соло пеење и воедно се забавуваа.

**4.XI 2022год.** На турнирот во Одбојка по повод патрониот празник на ООУ "Вук Караџиќ" нашата женска одбојкарска екипа освои второ место.
Ментор, проф.Магдалена Ѓ.Строимановска.

**4.XI 2022год.** Учениците од петто одделение заедно со нивните наставнички и професор по музичко образование, Ирина Димевска Петковска, го посетија музичкото училиште "Панче Пешев" во Куманово.Имаа можност да слушаат прекрасни изведби од учениците и професорите и учениците од музичкото училиште.

**11.XI 2022год.** Учениците од четврто одделение заедно со нивните наставнички и професорката по музичко образование Ирина Димевска Петковска го посетија музичкото училиште "Панче Пешев" во Куманово.Тие имаа можност да се запознаат со музичките инструменти и да слушаат прекрасни изведби од учениците и професорите од музичкото училиште.

**11.XI 2022год.** По повод **11Ноември- Ден на ослободување на град Куманово** учениците од ООУ„Крсте Мисирков” од третите одделенија заедно со нивните наставнички се упатија пред споменикот на жена борец, положија свежо цвеќе и одадоа почит на паднатите борци за наше слободно Куманово.

**12.XI 2022год.** Во нашето училиште беа доделени Сертификати на наставници за одржана обука „Шах во школи“ од страна на Шаховската федерација и претседателот на Сојуз на спортови Куманово.
Обучени предавачи по Шах се наставниците - Ирина Димевска Петковска и Сања Јовановска.

**12.XI 2022год.** По повод 11 Ноември во просториите на нашето училиште се одржа Младинско и Пионерско градско првенство во шах каде учество зедоа ученици од основни и средни училишта .

**14.XI 2022год.** Како прво училиште во Куманово, ООУ„Крсте Мисирков" и професорката Ирина Димевска Петковска потпишаа Меморандум за соработка со училиштето за основно музичко образование „Панче Пешев".

**17.XI 2022год**. Одбележување на Патрониот празник на училиштето. Свечена поделба на дипломи на наградени ученици, положување на цвеќе пред бистата на Крсте Мисирков и свечена приредба.
**25.XI 2022год.** Учество на завршната манифестација по повод **"МЕСЕЦОТ НА КНИГАТА"** организирана од ЈОУ Библиотеката „Тане Георгиевски“ - Куманово.

**25.XI 2022год.** Во организација на Федерација на училишен спорт во соработка на Општински училишен спорт на Куманово се одржа спортски настан под мото **„Спортуваме, другаруваме, се забавуваме“.**
Одделенски наставник, Мерлин Стојановска и ментор професор по физичко и здравствено образование, Магдалена Ѓорѓевиќ Строимановска.

**26.XI 2022год.** Интеркултурна работилница под наслов „Се грижиме за птиците“во рамки на проектот Нансен модел со учениците од II г одделение и наставничката Мерлин Стојановска.
**26.XI 2022год.** По повод 10 години од Нансен Дијалог Центар, нашата наставничка Мерлин Стојановска како дел од најзаслужните промотори на интекултурно образование.
**1.XII 2022год.** Учество и освоено трето место на општински турнир во одбојка за основни училишта - женски.
**3.XII 2022год.** Посета на ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски“ - Куманово од страна на второодделенците од нашето училиште.

Во текот на месец декември, а во знакот на Новогодишните празници на иницијатива на учениците од Училишниот парламент реализираше хуманитарна акција. Се донираа парични средства кои беа наменети за акцијата "Декември-поклон за секое дете". Секој ученик од нашето училиште на последниот час си доби изненадување - чоколадо со новогодишна порака. Среќата и насмевката ја споделивме со сите, учејќи ги да делат и помагаат. Целта на оваа акција беше сите да се чувствуваме еднакво и да уочиме колку малку е потребно за да направиме некого среќен.
Новогодишните празници се можност да се покаже хуманоста на дело. Покрај редовните хуманитарни акции кои ги организира нашето училиште, оваа година за првпат триесет деца беа израдувани со пакетчиња донирани од хумани луѓе, наши ИСЕЛЕНИЦИ ВО ГЕРМАНИЈА. Голема благодарност упатуваме до Иле Михаловски, одделенски раководител од Свети Николе кој ја организираше оваа помош и пакетчињата ги донесе во нашето училиште.

Во рамки на Меѓуетничката интеграција продолжува долгогодишната успешна соработка помеѓу двете партнер училишта. На 23.3.2023 во ООУ "Битолски конгрес" с. Лопате се одржа работилница за изработка на накит од глинамол, пластелин и макарони со учениците од нашето училиште ООУ „Крсте Мисирков“ Куманово. Заедничките активности беа проследени со дружба меѓу учениците и наставниците.

На 28.3.2023 учениците, членови на секцијата по физика заедно со својот наставник во рамки на вонаставните активности го посетија Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија и беа запознаени со работата на Институтот. Учениците од нашето училиште поминаа квалитетно време, исполнето со прошетка низ објектот, предавање и запознавање со една од најпознатите лаборатории на овој институт.

БИЛИНГВАЛНИТЕ ПАРАЛЕЛКИ од нашето училиште го одбележаа МЕСЕЦОТ НА ФРАНКОФОНИЈА со разни активности: пеење и рецитирање на песни, учење на нови зборови, пишување на честитка за мама и одбележување на традиционалниот празник во Франција Mardi Gras.
Наставници: Габриела Тодоровиќ, Хилда Димитриевска, Бранкица Георгиевска, Станче Штерјовска и Ангела Златковска.
CLASSES BILINGUES de notre école ont marqué le MOIS DE LA FRANCOPHONIE avec diverses activités : chanter et réciter des chansons, apprendre de nouveaux mots, écrire une carte de vœux pour maman et célébrer la traditionnelle fête française Mardi Gras.
Enseignantes: Gabriela Todorovic, Hilda Dimitrievska, Brankica Georgievska, Stance Sterjovska, Angela Zlatkovska.

Денот на Шегата, Први април, беше одбележан со дефиле на најмалите ученици низ градот.

Здружението за развој на земјоделство и заштита на животната средина преку истражување, едукација и одржување на биодиверзитет „ЖИВОТ“, Куманово организираше манифестација: „Велигден, ист на различен начин“, која се оддржа на 18.4.2023 во Занаетчиски дом- Куманово. Во рамки на манифестацијата беа организирани: изложба и избор на најубаво декорирана велигденска кошница (I, II и III место), изложба и избор на најубаво велигденско јајце (I, II и III место), литературно читање на тема Велигден и турнир во кршење велигденски јајца. На манифестацијата учествуваа нашите наставнички од одд. настава кои освоија ВТОРА НАГРАДА за најубаво украсена велигденска кошница.

По повод големиот христијански парзник Велигден беше организирана изложба на креативни изработки од страна на учениците.
Училиштето организираше упис на првачиња за учебната 2023-24 година. Изработени се флаери, лоби листи, инструменти и постирана е објава на нашата фејсбук страна.

Учество на наши ученици на 4.5.2023 на натпреварот "Поети имитираме – оригинално рецитираме” кој се одржа во Занаетчиски дом, во организација на ЈОУ Библиотека “Тане Георгиевски” – Куманово и Здружението на одделенски наставници – ЗОН Учител на РСМ, со поддршка на Општина Куманово.

Благодарници за учество добија: Немања Трајковиќ V одд, ментор: Гордана Грговска, Данило Ѓорѓиевски III одд, ментор: Славица Петковска и Дамјан Георгиевски II одд, ментор: Марина Манојловска.

На 13.5.2023 реализирани се книжевни работилница со Ксенија Маказлиева- Трајчева, авторот на „Борко брзозборко" и "Спирко-немирко". Во рамки на работилницата учениците од IIIодд. успешно одговорија на предизвикот „Каков другар сакам да имам јас". На интерактивната работилница и претходеше презентација за развојниот тек на детските списанија "Росица", "Другарче", "Развигор" и "Наш свет". Работилницата побуди интерес и посебно доживување на овие интересни раскази при средба со авторот на делата за деца.

„Како да се ослободам од стравот" беше предизвикот на кој одговорија учениците од IV одд. преку книжевна работилница со Ксенија Маказлиева-Трајчева. Сите ние имаме некакви стравови со кои треба да се соочиме и да ги надминеме. Преку интерактивната работилница учениците ги искажуваа своите стравови и даваа предлози, сугестии и идеи на другарчињата како да се справат со нив.
